## ПОВАЖНИ ТЕЛЕФОНИ

- АМСМ – помош на патишта 196
- АМСМ – информативен центар 9801
- АВТОПОМОШ НА ПАТ (нон-стоп) 9159
- ПОЛИЦИЈА 192
- РЕПУБЛИЧКИ ПАЗАРЕН ИНСПЕКТОРАТ 975
- ПРОТИВПОЖАРНА БРИГАДА 193
- БРЗА ПОМОШ 194
- РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ 195
- ЦАРИНА 197
- ПРИЈАВУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА ВО ПОЛИЦИЈА 199

## АМБАСАДИ И ДИПЛОМАТСКИ ПРЕТСТАВНИШТВА

Австрија 02/3109-550,
Австралија 00 381 11 624655 (Белград),
Албанија 02/2614-636,
Белгија 02/3136-209,
Бугарија 02/3116-320, 02/3229-444,
Велика Британија 02/3299-299, 02/3109-941,
Германија 02/3093-900,
Грција 02/3219-260,
Данска (+43-1) 5127904 (Виена),
Италија 02/3236-500,
Иран 02/3217-420,
Јапонија +43-1-53192353 (Виена),
Црна Гора 02/3227-277,
Норвешка 02/3129-165,
Полска 02/3119-744,
Романија 02/3228-055, 02/3228-057,
Русија 02/3117-160,
Словенија 02/3178-730, 02/3176-663,
Србија 02/3129-298,
САД 02/3116-180,
Турција 02/3113-270,
Унгарија 02/3063-423, 02/3063-197,
Франција 02/3118-749, 02/3117-574,
Холандија 02/3109-250,
Хрватска 02/3127-350,
Швајцарија 02/3103-330,
Шведска +381-11-2069200 (Белград)

## ВАЖНИ ПОДАТОЦИ ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Главен (и најголем) град - Скопје

42°0 N 21°26 E / 42°N 21.433°E

Официјален јазик - македонски

Уредување - парламентарна република
- Претседател Ѓорѓе Иванов
- Премиер Никола Груевски

Независност од Југославија
- Прогласена независност на осми септември 1991 година

Површина
- Вкупно 25.713 km2
- Вода (%) 1,9 %

Население
- Во 2009 година приближно 2.114.550 жители
- Густина на населеност 82,2/km2

БНП (GDP/PPP) 2008 година приближно
- Вкупно 18.818 милијарди УСД
- По жител 9,157 УСД

БНП/GDP (номинална) 2008 приближно
- Вкупно 9.569 милијарди УСД
- По жител 4,656 УСД

Валута - македонски денар (МКД)
- Временска зона CET (UTC+1)
- Летно време (DST) CEST (UTC+2)

Се вози по десната страна

Национален интернет-домеин .mk

Меѓународен телефонски префикс 389




МАКЕДОНСКА ВЕРЗИЈА

ДОБРЕ ДОЈДОВТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



ПРОЧИТАЈ - РАЗМИСЛИ - ЗАПОМНИ

# КОРИСНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ВОЗАЧИТЕ НА ПАТИШТАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Републички Совет за Безбедност на Сообраќајот на Патиштата
www.rsbsp.org.mk



- На патиштата во Република Македонија задолжително е користење на светилки, дење и ноќе, на сите патишта, магистрални, регионални или локални, како и во населените места.

НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ОВАА ОДРЕДБА ОД ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА ГЛОБА ВО ИЗНОС ОД 45 ЕУР.

- Ограничувањата на брзините на патиштата во Република Македонија се:
• 130 км/час на автопат,
• 110 км/час на пат резервиран за моторни возила,
• 60 км/час во населени места.

НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ОВАА ОДРЕДБА ОД ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА ГЛОБА ВО ИЗНОС ОД 45 ДО 300 ЕУР, ВО ЗАВИСНОСТ ОД ПРОЦЕНТОТ НА ПРЕЧЕКОРУВАЊЕТО НА БРЗИНАТА.

Забрането е фрлање и оставање хартија, опушоци, мастики, амбалажи, земја, отпадоци од растенија, песок и други отпадоци, освен на местата определени за таа намена. Забрането е оставање на фекални остатоци од домашни миленици. Забрането е паркирање возила на растојание до десет метри од контејнер.

ВО СЛУЧАЈ НА НЕПОЧИТУВАЊЕ НА НЕКОЈА ОД ГОРЕНАВЕДЕНИТЕ ЗАБРАНИ ГЛОБА ВО ИЗНОС ОД 50 ЕУР ЌЕ БИДЕ НАПЛАТЕНА НА ПРЕКРШИТЕЛОТ.

- Во случај на прекршување на некоја одредба од законот за сообраќај и повлекувањето на задолжителна санкција (глоба), истата смее да ја изрече униформиран полициски службеник, но глобата се плаќа во најблиската банка или пошта. Не е дозволено плаќање на глобата на самото место, на униформираниот полициски службеник.

ЗАБРАНЕТО Е ПЛАЌАЊЕ НА ГЛОБАТА НА САМОТО МЕСТО, ВО ГОТОВО-КЕШ НА ПОЛИЦИСКИОТ СЛУЖБЕНИК. ВО СЛУЧАЈ НА ИНСИСТИРАЊЕ НА ТАКВА ПОСТАПКА ОД СТРАНА НА УНИФОРМИРАНИОТ ПОЛИЦИСКИ СЛУЖБЕНИК, ВАША ДОЛЖНОСТ Е СЛУЧАЈОТ ДА ГО ПРИЈАВИТЕ ВО НАЈБЛИСКАТА ПОЛИЦИСКА СТАНИЦА.

- Во Република Македонија, задолжителна е употребата на сигурносен појас за сите патници на сите седишта каде што има вградено сигурносен појас.

НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ОВАА ОДРЕДБА ОД ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА ГЛОБА ВО ИЗНОС ОД 20 ЕУР.

- Лимитот на дозволено количество на алкохол во крвта е 0,5 промили.
- Кај професионалните возачи НЕ Е ДОЗВОЛЕНО присуство на алкохол во крвта. Границата е 0,0 промили.

НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ОВАА ОДРЕДБА ОД ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА ГЛОБА ВО ИЗНОС ОД 250 ДО 400 ЕУР, ВО ЗАВИСНОСТ ОД ПРЕЧЕКОРУВАЊЕТО НА ПРОЦЕНТОТ НА АЛКОХОЛ ВО КРВТА. СЕКАКО, ВО СЛУЧАЈ НА УТВРДЕН ПРОЦЕНТ НА АЛКОХОЛ ВО КРВТА, ПОГОЛЕМ ОД ПРОПИШАНОТО, ВОЗАЧОТ ЌЕ БИДЕ ИСКЛУЧЕН ОД СООБРАЌАЈОТ.

- На предното совозачко седиште не смее да се превезуваат деца до 12 годишна возраст и лица кои се под дејство на алкохол.

НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ОВАА ОДРЕДБА ОД ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА ГЛОБА ВО ИЗНОС ОД 45 ЕУР.

- Возач не смее да користи мобилен телефон за време на возењето.

НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ОВАА ОДРЕДБА ОД ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА ГЛОБА ВО ИЗНОС ОД 45 ЕУР.

- Поседувањето и носењето на зимска опрема е задолжително во периодот од 15-ти ноември до 15-ти март.

НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ОВАА ОДРЕДБА ОД ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА ГЛОБА ВО ИЗНОС ОД 15 ЕУР.

Странците кои не користат услуги од правни и физички лица кои даваат услуги на сместување со наплата или кај други лица, должни се самите да го пријават своето престојувалиште во Министерството за внатрешни работи во рок од 24 часа од часот на преминување на државната граница.

ГЛОБА ВО ИЗНОС ОД 600 ДО 1.000 ЕУР ЌЕ МУ СЕ ИЗРЕЧЕ ЗА ПРЕКРШОК НА СТРАНЕЦ КОЈ НЕ ГО ПРИЈАВИЛ, ОДНОСНО ОДЈАВИЛ ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕТО.

